И Јас Сум
Здружение за поддршка и развој

ЗАПИСНИК ОД ОНЛАЈН СОСТАНОК

Можности за реализација на предлог пилот-проект во СОУ „Гоце Делчев“ – Валандово во учебната 2026/2027 година

Датум: 09.06.2026

Време: 14:00 часот

Платформа: Google Meet

Записничар и претседавач: Љубица Стојановска

Присутни:

1. Љубица Стојановска, активистка во Здружението за поддршка и развој „И Јас Сум“
2. Милан Гуѓицев, директор во СОУ „Гоце Делчев“ од Валандово

ДНЕВЕН РЕД

1. Презентација и дискусија по Записникот од состанокот со тимот за реализација на предлог пилот-проектот за средношколците од СОУ „Гоце Делчев“ – Валандово и нивните родители за учебната 2026/2027 година.
2. Разгледување на можностите за соработка на Здружението за поддршка и развој „И Јас Сум“ со СОУ „Гоце Делчев“ за реализација на предлог пилот-програмата.
3. Утврдување на следните активности до реализација на предлог пилот-проектот.

ТЕК НА СОСТАНОКОТ

• Беа разгледани и дискутирани сите точки по Записникот од состанокот со тимот за реализација на предлог-пилот проектот за средношколците од СОУ „Гоце Делчев“ – Валандово и нивните родители. Предлог-пилот проектот е наменет за развивање свесност за себерегулација кај младите и поддршка на родителите за унапредување на улогата на родител при справување со современите предизвици.

• Директорот изрази согласност за соработка помеѓу СОУ „Гоце Делчев“ и Здружението за поддршка и развој „И Јас Сум“ за реализација на предложената пилот-програма, при

што училиштето ќе овозможи користење на просторот и расположливите ресурси на институцијата.

• Во наредниот период ќе биде потпишан Меморандум за соработка помеѓу СОУ „Гоце Делчев“ и Здружението за поддршка и развој „И Јас Сум“.

• Деталниот пилот-проект ќе биде доставен од Здружението за поддршка и развој „И Јас Сум“ до директорот во најкус можен рок, со цел навремена подготовка и спроведување на активностите предвидени пред реализацијата на пилот-програмата.

• Деталниот пилот-проект ќе биде презентиран пред потенцијалните извори на финансиска поддршка, со цел обезбедување средства за негова реализација.

ОПШТИ ЗАКЛУЧОЦИ

• Состанокот ја потврди заедничката подготвеност на СОУ „Гоце Делчев“ – Валандово и Здружението за поддршка и развој „И Јас Сум“ за воспоставување партнерска соработка во насока на реализација на предложената пилот-програма.

• Беше изгласено дека постојат соодветни услови за започнување на подготвителните активности и понатамошно развивање на пилот-проектот.

• Како приоритетни следни чекори беа утврдени финализирањето на деталниот пилот-проект, формализирањето на соработката и обезбедувањето финансиска поддршка за реализација на програмата.

ОЧЕКУВАН РЕЗУЛТАТ

Создадени се предуслови за успешна реализација на пилот-програмата преку воспоставена соработка и утврдени следни чекори за нејзина подготовка и спроведување.

Состанокот заврши во: 14:33 часот.

Со својот потпис, присутните потврдуваат дека записникот го отсликува текот на состанокот, разгледаните прашања, донесените заклучоци и договорените активности.

Потпис:

1.Љубица Стојановска _____

2.Милан Гуѓицев _____